# ЛИКОВНА СКУЛПТОРСКА КОЛОНИЈА
# КУМАНОВО ΄98

Во последниве неколку години со право можеме да констатираме зголемена активност на институциите од областа на културата, а особено забележителни се манифестациите од ликовната област. Секако, видно место, како форма на организирање, непосредно производство на уметнички експонати и подоцна нивно презентирање, заземаат уметничките колонии, пред сé заради максимално остварената комуникација на релацијата автори-дела-публика.

Кон повеќе или помалку афирмираните ликовни колонии кои постојат кај нас, годинава се приклучува една сосема нова "Ликовна - скулпторска колонија - Куманово ´98" во организација на Домот на културата од Куманово. Со ориентација да анимира и афирмира, пред сé автори кои се бават со скулптура, земајќи ја притоа во вид комплексноста на еден ваков зафат, колонијата ќе даде значаен придонес во организираното опстојување и презентирање на ликовната уметност воопшто, на овие простори и пошироко. Почетоците се направени доста скромно, во духот на времето во кое живееме, вклучувајќи само десет автори во проектот, кој пак, без поддршка на Министерството за култура ќе беше невозможно да се изведе во сите детали. Уметниците заедно со Уметничкиот совет на колонијата и организаторот покажаа висока професионалност во пристапот, респектирајќи ги при тоа финансиските можности. Голема помош во сите фази на реализацијата на проектот даде и тимот на Културно Информативниот Центар-Скопје, на чело со директорот Љупчо Маленков, чие искуство во оваа област ни беше добредојдено. На крај, останува фазата на презентација на изработениот материјал кој го има во повеќе варијанти (дрво, камен, метал и др.) и негова верификација од страна на ликовната критика и публика која ќе биде многу битен фактор за понатамошното опстојување на проектот.

**Роберт Цветковски,** историчар на уметноста





**ПЕТАР ХАЏИ БОШКОВ**

Се школувал во Словенија, Англија и САД. 1980/90 год. работи како професор и декан на ФЛУ-Скопје. Добитник е на многубројни награди и признанија и реализатор е на 10-тина нарачки. Автор е на 20-тина самостојни изложби, а учесник е на преку стотина групни изложби и проекти.





**ЖАРКО БАШЕСКИ**

Завршил ФЛУ-Скопје во класата на Петар Хаџи Бошков. Член е на ДЛУМ од 1988 год. Бил во Англија на студиски престој. Автор е на пет самостојни изложби и учесник на повеќе групни проекти, изложби, колонии и симпозиуми. Живее и работи во Скопје.





**ТОМЕ БУНДОВСКИ**

Завршил ФЛУ-Скопје во класата на Петар Хаџи Бошков. Бил на специјализација во Рим и Фиренца. Досега остварил 20-тина самостојни изложби и уште повеќе учества во групни изложби и проекти. Член е на ДЛУМ од 1984 год.





**ИБРАХИМ БЕДИ**

Завршил ФЛУ-Скопје, каде е на постдипломски студии. Остварил неколку групни проекти во земјата и странство. Работи како сценограф во Театарот на народностите во Скопје.





**МАЈА ПЕТРУШЕВА**
Дипломирала вајарство на ФЛУ-Скопје, во класата на Драган Поповски-Дада. Има една самостојна изложба и повеќе групни проекти. Живее и работи во Скопје.





**СОЊА ПОПОВСКА-ТРАЈКОВСКА**
Завршила ФЛУ-Скопје. Има учествувано на повеќе групни проекти и изложби. Живее и работи во Скопје.





**ВИКТОР ЛАЗАРОВСКИ**

Дипломирал на ФЛУ-Скопје во класата на Драган Поповски-Дада. Автор е на две самостојни изложби и учесник на повеќе групни изложби и проекти. Живее во Скопје каде твори како самостоен уметник.





**СЕРГЕЈ ДАМОВСКИ**

Дипломирал на ФЛУ-Скопје. Има две самостојни изложби и учествувал на повеќе групни проекти и изложби. Работи и живее во Скопје.





**ЖАКЛИНА НИКОЛОВСКА**
Дипломирала вајарство 1996 год. на ФЛУ-Скопје во класата на Драган Поповски-Дада, учествувала на повеќе групни изложби. Член е на ДЛУК.





**СИНИША СТЕФАНОВИЌ-КАШАВЕЛСКИ**
Дипломирал на ФЛУ-Скопје. Автор е на повеќе самостојни изложби, а учествувал и во повеќе групни проекти и изложби.



**СОВЕТ НА КОЛОНИЈАТА:**
Климе Коробар
Љупчо Маленков
Јасмина Зисовска
Миодраг Стојановски
Роберт Цветковски

**ОРГАНИЗАТОР И ИЗДАВАЧ:**
ДОМ НА КУЛТУРАТА-КУМАНОВО
**ЗА ИЗДАВАЧОТ:**
ЈОВАН ПОПОВСКИ
**ФОТОГРАФИИ И ПЕЧАТ:**
"БАТО ПРИНТ"
**ТИРАЖ:**
500